АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

**Април 2026** **Бр.4**

## Објавен Преглед на програми пристапни за лицата со сетилна попреченост во 2026 година

Агенцијата на 17 април објави преглед на програмите пристапни за лицата со сетилна попреченост за 2026 година, кој овозможува увид во достапните содржини и начинот на исполнување на законските обврски од страна на медиумите.

Податоците покажуваат дека Јавниот радиодифузен сервис (МРТ), националните телевизии и давателите на медиумски услуги видео по барање продолжуваат со зголемување на обемот на пристапни програми, преку задржување на веќе воведените содржини, воведување нови формати и континуиран раст на понудата.

Прегледот е достапен на следниот линк.

## Соопштенија за јавност

На 1 април, Агенцијата ја информираше јавноста дека е спроведен вонреден програмски надзор врз Вториот телевизиски канал на Јавниот радиодифузен сервис, односно музичката програма „Фестивал на детска песна – Билбилите на Кораб“ емитувана на 28 март 2026 година. Извештајот од надзорот е објавен на веб страницата на Агенцијата на следниов линк. Констатациите од надзорот покажаа дека со изведбата на песната „Албански територии (Trojet Shqiptare)“ се поттикнува и шири нетрпеливост врз основа на национална и етничка припадност преку иредентистички симболи и експлицитни политички пораки за промовирање на моноетнички, иредентистички „аманет“ за обединување на територии.

Во соопштението беше посочено дека прикажувањето вакви содржини во програма наменета за најмладата публика, претставува обид за индоктринација со идеи кои се во директна спротивност со духот на соживотот и толеранцијата во нашето мултиетничко општество, а пренесувањето на пораките преку деца претставува нивна груба злоупотреба за политички цели. Фактот што спорните кадри и пораки поминале низ уредничкиот филтер на МРТ2 без да бидат отстранети, укажува на сериозен и системски пропуст во планирањето и уредувањето на програмата. Агенцијата потсети дека Јавниот радиодифузен сервис има посебна одговорност да не дозволи злоупотреба на програмата за промоција на идеи кои го негираат суверенитетот и територијалниот интегритет на државата, и за поттикнување на културна, етничка, религиозна, полова, расна, национална или други форми на нетолеранција, како и дека МРТ е должна да обезбеди целосна заштита на малолетните лица во своите програми.

Во врска со објавата на политичката партија СДСМ поврзана со уредувачката политика на интернет порталот „ИНФОМАКС“, Агенцијата на 4 април потсети дека јавната комуникација треба да биде конструктивна и професионална. Во соопштението беше посочено дека политичките партии треба да се воздржат од етикетирање и дискредитирање на новинарите и медиумите, бидејќи таквите практики ја поткопуваат довербата во јавниот дискурс и можат негативно да влијаат врз слободата на медиумите и демократските процеси. Истовремено, медиумите и новинарите имаат обврска да известуваат професионално, објективно и непристрасно, придржувајќи се кон новинарските стандарди и етичките принципи, со цел обезбедување точни и навремени информации од јавен интерес.

На 15 април преку соопштение за јавност беше изразена загриженост во однос на изјавата на претседателот на политичката партија СДСМ, Венко Филипче, во која беа изнесени обвинувања и квалификации за политичка и финансиска зависност на ТВ Алфа. Во соопштението Агенцијата посочи дека јавното етикетирање и инструментализација на медиумите во политички конфронтации не е во согласност со демократските принципи, ниту со гарантираната слобода на изразување. Апсолутно е недозволиво носител на јавна функција да користи дискредитирачка реторика која придонесува кон поларизација во медиумскиот простор и може да ја наруши довербата на јавноста во медиумите. Доколку постојат сомнежи за евентуални незаконитости или нерегуларности во работењето на медиумите, наместо преку јавни обвинувања или политички квалификации тие треба да се изнесат пред надлежните институции за понатамошно постапување. Агенција ги повика сите политички субјекти да се придржуваат кон одговорна и конструктивна комуникација и да се воздржат од изјави кои можат да ја нарушат довербата во медиумите или да создадат притисок врз нивното работење.



# *NEWSLETTER*

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ, печатени медиуми и даватели на АВМУ по барање

### Радиодифузери

За исполнување на обврската за објавување податоци за сопственичката структура, уредниците и изворите на финансирање, спроведен е редовен административен надзор врз сите 90 радиодифузери. При надзорот беше утврдено дека сите радиодифузери ја исполниле обврската согласно член 15 став 4 од Законот за медиуми.

Реализирани се и неколку вонредни надзори по службена должност. Вонредни програмски надзори се спроведени врз Програмските сервиси на Македонската радиотелевизија – МРТ1 и МРТ5. Предмет на надзор беа обврските за заштита на малолетната публика, обврските при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, како и правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации.

При надзорите беше констатирано дека спротивно на ЗААВМУ, МРТ1 во премиерни и репризни изданија на програмата за деца „Музичка фабрика", емитувани на 23, 25, 27 и 29 март и на 8, 10 и 12 април 2026 година, ја користеше аудиовизуелната комерцијална комуникација „пласирање производи", која не е дозволена во програми за деца. Спротивно на ЗААВМУ и МРТ5 во репризни изданија на програмата за деца „Музичка фабрика", емитувани на 11 и 12 април 2026 година, ја користеше аудиовизуелната комерцијална комуникација „пласирање производи", која не е дозволена во програми за деца.

Вонреден административен надзор Агенцијата спроведе врз работата на сите 56 радиостаници што емитуваат програма, со цел да констатира дали радиодифузерите извршиле промена на сопственичката структура без претходно да ја известат Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата. Со надзорот беше констатирано дека нема прекршувања на одредбите од член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека ниту една радиостаница не извршила промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовни програмски надзори врз кабелските оператори Инел Интернационал, Вива Нет, Каблекалл, Глобалсат, Мтел, Мултимедија-Нет, Тотал ТВ и Телекабел за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите беше констатирано дека кабелскиот оператор Тотал ТВ, за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „ТВ Алфа", „Happy TV", „Animal Planet" и „Travel", кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 19 издавачи на печатени медиуми со цел да констатира дали истите ги објавиле податоците за сопственичката структура, податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и дали доставиле исечок од објавата на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Надзорот покажа дека печатените медиуми ги исполниле законските обврски.

За почитување на обврската за објавување импресум, врз Друштвото за развој на научно-техничка култура Емитер од Скопје, издавач на печатениот медиум „Емитер", Агенцијата изврши вонреден административен надзор. Со надзорот беше опфатено изданието на „Емитер" бр. 208 за декември 2025 година. Надзорот покажа дека во целост е исполнета обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.



# NEWSLETTER

## Даватели на АВМУ по барање

За обврските коишто се однесуваат на пренесување на кинематографски дела и заштита на малолетните лица, извршени се редовни програмски надзори врз давателите на АВМУ по барање Мтел и Свод Мастер. При надзорите не се констатирани прекршувања.

## Изречени мерки јавна опомена

Врз основа на констатациите од извршените административни надзори, Советот на Агенцијата на 15-та седница, одржана на 27 април, донесе три решенија за изрекување мерка јавна опомена за издавачите на онлајн медиумите – интернет-порталите Нистори, Скопје инфо и Национал, поради нецелосно исполнување на обврските за објавување импресум, односно задолжителните податоци за издавачот, одговорното лице и уредништвото.

На истата седница се донесени и три решенија за изрекување мерки јавна опомена на ТВ Компани 21-М, поради емитување филм означен како 12+ во несоодветен термин (спротивно на одредбите за заштита на малолетници), поради прикриено рекламирање во емисијата „Пастел“ (Pastel) со промовирање производи на „Зегин“, како и поради необјавување задолжителни податоци за програмската содржина.